РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-3276/15
04-06-2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), и доставената финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат (бр.04-3276/13 и 04-3276/14 од 03.06.2025 година), а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување (бр.04-3276/3 од 09.05.2025 година), објавен на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација објавен на ден 16.05.2025 година, Секретарот на Општина Струмица донесе:

# ОДЛУКА

за избор на кандидати по објавен интерен оглас
за унапредување на административен службеник во Општина Струмица

**I.**За работните места објавени во интерниот оглас за унапредување на административни службеници во Општина Струмица, избрани се следниве кандидати:

1. За работното место под реден број 1 (еден)- Раководител на одделение за управување со човечки ресурси, со шифра УПР 0101Б04000 се избира кандидатот **Нела Масалковска.**
2. За работното место под реден број 2 (два)- Советник за средно образование, со шифра УПР 0101В04000 се избира кандидатот **Теодора Ѓоргиева.**
3. За работното место под реден број 3 (три)- Соработник за евиденција на проекти од културата, со шифра УПР 0101В03000 се избира кандидатот **Игор Милев.**

**II.** За работното место предвидени се средства во Буџетот на Општина Струмица за 2025 година во ставка 401, потставка 401120.

**III.** Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето

## Образложение

На ден 16.05.2025 година на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенција за администрација беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во општинската администрација на Општина Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување со Записник бр. 04-3276/11 и 04-3276/12 изврши административна селекција по интерен оглас бр.01/2025 и констатира дека за огласените работни места од реден број 1 (еден) до реден број 3 (три), уредно се пријавиле по 1(еден) кандидат.

На ден 02.06.2025 година во просториите на општина Струмица односно на Агенцијата за администрација со уредно пријавените кандидати се спроведе интервју за што постои и Записник од спроведено интервју (бр.04-3276/13 и 04-3276/14 од 03.06.2025 година) и се изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по оглас бр.01/2025 при што се одлучи како во диспозитивот од оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на општина Струмица.

Секретар
на Општина Струмица
Александар Оцаков